**Известување за концентрација со која Друштво за надворешна и внатрешна трговија и услуги НЕЛТ КО. д.о.о. Добановци од Република Србија ќе стекне единствена контрола над СелфНест д.о.о. Белград-Звездара од Република Србија**

**(предмет бр. 08-147 од 2022 година)**

Согласно член 15 од Законот за заштита на конкуренцијата („Службен весник на Република Македонија“ бр.145/10, 136/11, 41/14, 53/16 и 83/18), на ден 31.10.2022 година, до Комисијата за заштита на конкуренцијата е доставено известување за концентрација кое се однесува на стекнување на единствна контрола од страна на Друштво за надворешна и внатрешна трговија и услуги НЕЛТ КО. д.о.о. Добановци, Република Србија со регистрирано седиште на улица Маршал Тито бр. 2266, Добановци, Република Србија над СелфНест д.о.о. Белград-Звездара, Република Србија со регистрирано седиште на Дваесетидеветти ноември 1, Белград, Република Србија.

- Друштво за надворешна и внатрешна трговија и услуги НЕЛТ КО. д.о.о. Добановци припаѓа и работи во рамките на групацијата НЕЛТ. Групацијата НЕЛТ започна со работа вп 1992 година во трговијата. Денес, групацијата е активна на 11 пазари во регионот на Југоисточна Европа и Субсахарска Африка и има околу 4.000 вработени. Групацијата Нелт обезбедува интегрирани услуги за дистрибуција и логистика на своите домашни и меѓународни кленти преку мрежа на дистрибутивни центри и оперативна поддршка во секоја земја во која е активна.

Во Република Северна Македонија Групацијата Нелт е присутна преку своите три претпријатија:

-Нелт СТ ДООЕЛ со регистрирано седиште на  Илинден 32 бр.20 Скпје, кое е активно во дистрибуција;

-Нелт Лог ДООЕЛ со регистрирано седиште на Илинден 32 бр.20 Скопје кое е активно во логистика и

-Нелт Лајн ДООЕЛ со регистрирано седиште на Илинден 32 бр.20 Скопје кое е активно во транспорт.

- СелфНест д.о.о. Белград-Звездара е примарно активно во развојот на градежни проекти во Србија. СелфНест д.о.о. Белград-Звездара не генерира никакви приходи во Северна Македонија и воопшто не е присутно во Северна Македонија.

Врз основа на прелиминарното испитување Комисијата утврди дека предметната концентрација може да потпадне под одредбите на Законот за заштита на конкуренцијата. Сепак конечната одлука по ова прашање е резервирана.

Комисијата ги повикува заинтересираните трети страни да достават забелешки и мислења за оваа концентрација до Комисијата. Забелешките и мислењата на заинтересираните трети страни можат да се испратат на адреса: ул. „Св. Кирил и Методиј“ бр.54, Скопје или по e-mail: kzk@kzk.gov.mk и истите треба да пристигнат до Комисијата во рок од 10 дена од денот на објавување на ова известување.

03.11.2022 година

Скопје